РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА
МИНИСТЕРСТВО ЗА ЕКОНОМИЈА

УП I бр. 25-1
21-01-2016 01.2016 година
Скопје

Министерот за економија врз основа на член 56 став (1) од Законот за возила („Службен весник на Република Македонија" бр.140/08, 53/11, 123/12, 70/13, 164/13, 138/14, 154/15 и 192/15), постапувајќи согласно барањето на ЗДРУЖЕНИЕТО НА ВОЗАЧИ ЕУРОТЕСТ Битола ДОО УП I бр.25-1 од 11.01.2016 година, донесе

## РЕШЕНИЕ
## ЗА ОВЛАСТУВАЊЕ ЗА ТЕХНИЧКА СЛУЖБА

1. Се овластува ЗДРУЖЕНИЕТО НА ВОЗАЧИ ЕУРОТЕСТ Битола ДОО за вршење на стручни работи за инспекциско место ЕУРОТЕСТ ДОО Битола на ул. Индустриска бб согласно член 57 став (1) алинеја 3, 5 и 6 од Законот за возила, член 15 став (5) точка 1 и точка 3 од Правилникот за единечно одобрување на возило („Службен весник на Република Македонија" бр.16/10, 62/10, 105/10, 13/11, 39/11, 169/11, 185/11, 84/12, 132/12, 153/12, 59/13, 138/13, 29/14, 35/14, 119/14 и 168/14) и член 23 став (3) точка 2 од Правилникот за преправени и поправени возила („Службен весник на Република Македонија" бр.7/10) во постапка на:

а) единечно одобрување на возило од категориите L, M, N, O, T, C, R и S согласно член 2 став (1) и став (3) од Правилникот за единечно одобрување на возило;

б) одобрување на преправено возило од категориите M, N и O согласно член 6 точка 1, 4 и 10 и член 7 точка 1, 2, 3, 4, 5, 6 и 13 од Правилникот за преправени и поправени возила и тоа за возило:

- кое поради промена, или реконструкција, или преадаптирање на матична или претходно надградена каросерија, односно доопремувањето со соодветни уреди се преправа, од еден вид во друг вид, или варијанта или изведба (од товарно во патничко и обратно, од отворено во затворено и обратно и сл.),
- на кое е променет бројот на седишта со дополнително вградување или отстранување на седишта од внатрешноста на каросеријата, или е променета насоката на поставеност на седиштата,
- на кое е променет матично, односно претходно вградениот погонски мотор со мотор од друг вид или тип, или со мотор кој има други карактеристики (силина, или работни зафатнини, или еколошки параметри итн),
- на кое дополнително е вграден уред за погон на возилото на компримиран или течен гас,
- на кое дополнително се вградени команди поради адаптирање на возилото за управување од лице со посебни потреби,
- на кое дополнително се вградени паралелни команди поради адаптирање на возилото за обука на возачи (авто школи),
- на кое дополнително е вграден уред за спојување на влечното и приклучното возило (приклучен уред),
- на кое дополнително е вградена дигалка, пумпа за преточување, платформа за натоварување и растоварување на превезениот товар, влечно витло и сл.,

- на кое дополнително е вграден разладен уред на товарниот дел од каросеријата поради обезбедување на посебни услови на превезуваниот товар и

- на кое дополнително се вградени заштитни фолии или обоено стакло како заштита од сонце; и

в) инспекција при утврдување и втиснување на идентификациски ознаки на возила (број на шасија и број на мотор), согласно Правилникот за формата и содржината на образецот на барањето за доделување на идентификациска ознака (број на шасија) и формата и содржината на водење на евиденцијата на издадени одобренија и на начинот и постапката за обележување и поништување на идентификациските ознаки на шасијата и/или моторот на возилото („Службен весник на Република Македонија“ бр.101/13).

2. Решението за овластување за техничка служба на ЗДРУЖЕНИЕ НА ВОЗАЧИ ЕУРОТЕСТ Битола ДОО УП I бр.25-11 од 20.03.2015 година, престанува да важи.

3. Ова решение влегува во сила со денот на донесување.

## Образложение

Согласно член 56 став (2) од Законот за возила, ЗДРУЖЕНИЕТО НА ВОЗАЧИ ЕУРОТЕСТ Битола ДОО, поднесе барање бр.1609-1737/1 за издавање на предлог за овластување за техничка служба до органот за одобрување – Биро за метрологија. Органот за одобрување по спроведената постапка, до Министерството за економија достави Предлог за овластување за техничка служба бр. 1609-1737/3 од 31.12.2015 година со целокупната документација и барањето на ЗДРУЖЕНИЕТО НА ВОЗАЧИ ЕУРОТЕСТ Битола ДОО заверено под број УП I бр.25-1 од 11.01.2016 година. Барањето на ЗДРУЖЕНИЕТО НА ВОЗАЧИ ЕУРОТЕСТ Битола ДОО се однесува за овластување за техничка служба согласно член 57 став (1) алинеја 3, 5 и 6 од Законот за возила, член 15 став (5) точка 1 и точка 3 од Правилникот за единечно одобрување на возило и член 23 став (3) точка 2 од Правилникот за преправени и поправени возила , за постапките:

а) единечно одобрување на возило од категориите L, M, N, O, T, C, R и S, согласно член 2 став (1) и став (3) (за извршување на работи од секторска област) од Правилникот за единечно одобрување на возило и Правилникот за техничките барања за системите, составните делови, самостојните технички единици, опремата, димензиите и вкупните маси и осното оптоварување на возилата;

б) одобрување на преправено возило од категориите M, N и O, согласно член 6 став (1) точка 1, 4 и 10 и член 7 став (1) точка 1, 2, 3, 4, 5, 6 и 13 од Правилникот за преправени и поправени возила и Правилникот за техничките барања за системите, составните делови, самостојните технички единици, опремата, димензиите и вкупните маси и осното оптоварување на возилата; и

в) инспекција при утврдување на идентификациски ознаки на возила и нивно втиснување (број на шасија и број на мотор) согласно член 57 став (1) алинеја 5 од Законот за возила и Правилникот за формата и содржината на образецот на барањето за доделување на идентификациска ознака (број на шасија) и формата и содржината на водење на евиденцијата на издадени одобренија и на начинот и постапката за обележување и поништување на идентификациските ознаки на шасијата и/или моторот на возилото.

Барањето е поднесено поради кадровски промени и промени во сертификатот за акредитација.

Кон барањето УП I бр.25-1 од 11.01.2016 година се поднесени следните документи:

- Сертификат за акредитација на инспекциско тело бр.ИТ-064 од 18.07. 2012 година издаден од Институтот за акредитација на Република Македонија со важност до 17.07.2016 година и Прилогот кон сертификатот за акредитација бр.ИТ-064 од 11.12.2015 година;

- Доказ за Тековна состојба бр.0805-50/150420150009244 од 18.09.2015 година издаден од Централен регистар на Република Македонија:

- Доказ за вработување (копии од обрасците М1/М2 и договори за работа) и доказ за стручноста (уверенија, дипломи и сертификати од обуки) за: Бошевска Снежана, дипл. сообраќаен инж.; Златко Талевски, дипл. маш. инж.; Костовски Душко дипл. маш. инж.; Златко Тасески, дипл. маш. инж.; Ристовски Данчо дипл. маш. инж.; Каранфиловски Васко, машински техничар; и Гагачевски Јован контролор во станица за техн. преглед.

- Договор за користење на деловен простор, заверен на нотар со број УЗП 27-40/2013 од 05.12.2013 год.;

- Доказ за опрема, Извештај бр.010/15 од 14.03.2015 година;

- Доказ за осигурување: Полиса бр.990000051972 со важност до 27.04.2016 година;

- Информација за економско финансиската состојба на субјектот издаден од Централен регистар на Република Македонија бр.09-22/100 од 16.12.2015 година;

- Извештај за билансот на состојбата и податоци од билансот на успех бр.0904-50/150420150012200 од 17.12.2015 година;

Министерството за економија, постапувајки по поднесеното барање и одредбите од Законот за возила, Правилникот за единечно одобрување на возило, Правилникот за преправени и поправени возила, Правилникот за техничките барања за системите, составните делови, самостојните технички единици, опремата, димензиите и вкупните маси и осното оптоварување на возилата, утврди дека барањето е основано и Правилникот за формата и содржината на образецот на барањето за доделување на идентификациска ознака (број на шасија) и формата и содржината на водење на евиденцијата на издадени одобренија и поништување на идентификациските ознаки на шасијата и/или моторот на возилото.

Врз основа напред изнесеното, а согласно член 56 став (1) од Законот за возила се донесе решение како во диспозитивот.

Таксата од член 37 со тарифен број 156 од Законот за административни такси („Службен весник на Република Македонија" бр.17/93, 20/96, ... , 6/10, 145/10, 17/11 и 84/12 ) во износ од 2.000,00 денари, е залепена на поднесокот и поништена.

**УПАТСТВО ЗА ПРАВНО СРЕДСТВО:** Против ова решение незадоволната странка може да поведе управен спор пред Управен суд во рок од 15 дена од денот на приемот на решението

**МИНИСТЕР,**
**Bekim Neziri**